Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Завршната сметка
на Буџетот на Општината Битола за 2008 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2008 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/1
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општина Битола бр. 10/05 ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 25. 02. 2009 година, донесе

# З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА
# ЗА 2008 ГОДИНА

## Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2008 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **1.294.535.037,00 денари** | **1.186.953.474,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 286.505.000,00 денари | 241.353.944,00 денари |
| Неданочни приходи | 13.200.000,00 денари | 9.901.843,00 денари |
| Капитални приходи | 4.234.280,00 денари | 3.732.164,00 денари |
| Трансфери | 313.299.198,00 денари | 312.309.793,00 денари |
| Дотации | 510.360.399,00 денари | 519.823.362,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 115.328.261,00 денари | 51.347.180,00 денари |
| Донации | 51.607.899,00 денари | 48.485.190,00 денари |
| Пренесено салдо од 2007 година | 76.053.131,00 денари | |

**-Вкупно расходи 1.294.535.037,00 денари 961.379.031,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 1.293.675.037,00 денари | 960.979.031,00 денари |
| Резерви | 860.000,00 денари | 400.000,00 денари |

**-Салдо на 31-12-2008 година 225.574.444,00 денари**



**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од **190.156.770,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на Општина Битола за 2009 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од **27.714.928,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски и блок дотации на Општина Битола за 2009 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од **2.656.859,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2009 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од **5.045.887,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на Општина Битола за 2009 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2008 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2008 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2008 година се објавува во Службениот гласник на Општина Битола.

Бр.07-385/3
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за усвојување
Годишниот извештај за финансиското работење
на Општината Битола за 2008 година

1. Го објавувам Решението за усвојување Годишниот извештај за финансиското работење на Општината Битола за 2008 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/2
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.

10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за усвојување Годишниот извештај за
финансиското работење на Општината Битола
за 2008 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за финансиското работење на Општината Битола за 2008 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-385/4
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за прифаќање
Кварталниот извештај за извршување на Буџетот
на Општината Битола за четвртиот квартал во 2008 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2008 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.03.2009 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на

Општината Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за прифаќање Кварталниот извештај за извршување
на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2008 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-385/5
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување
- проширување на средствата во Буџетот
на Општината Битола за 2009 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општината Битола за 2009 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/4
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05),

донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за усвојување
Стратегијата за локален развој
на Општината Битола за периодот 2009-2014 година

1. Ја објавувам Одлуката за усвојување Стратегијата за локален развој на Општината Битола за периодот 2009-2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/5
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување Стратегијата за локален развој
на Општината Битола за периодот
2009-2014 година

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегијата за локален развој на Општината Битола за периодот 2009-2014 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-385/7
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс на КП бр. 79/1 м.в. „Воденица“ КО Крстоар-Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс на КП бр. 79/1 м.в. „Воденица“ КО Крстоар-Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.03.2009 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 13 и 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс на КП бр. 79/1 м.в. „Воденица“ КО Крстоар-Општина Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс на КП бр. 79/1 м.в. „Воденица“ КО Крстоар-Општина Битола.

Границите на Урбанистичкиот План се: поклопуваат со границата на КП бр. 79/1.

Опфатот на вака предложениот Урбанистички План има површина од 2100 м2.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на Урбанистички План вон населено за стопански комплекс на КП бр. 79/1 м.в. „Воденица“ КО Крстоар Општина Битола,. ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-385/8
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа

(„Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП
„Централно градско подрачје 4 дел Блок 10“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП „Централно градско подрачје 4 дел Блок 10“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/7
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08) и член 70 од Статутот на Општина

Битола ("Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт – Планот на ДУП**
**„Централно Градско подрачје 4 дел Блок 10" Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на ДУП „Централно Градско Подрачје 4 дел Блок 10" Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-385/9
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за одржување на јавната чистота
на јавните површини во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за одржување на јавната чистота на јавните површини во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/8
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 10 и член 12 став 3 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ“ бр.111/08год.) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002год.), а согласно со член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за одржување на јавната чистота на јавните површини**
**во Општина Битола**

## 1. Основни одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулираат условите и начинот на одржување на јавната чистота на јавните површини, отворените простори на јавните објекти, начинот на користење на јавните површини, собирањето на сметот, чистењето на снег и мраз во зимски услови, одстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, начинот на поставување на садови за фрлање на отпадоци, како и мерките за спроведување на Одлуката.

**Член 2**

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес.

**Член 3**

„Одржување на јавна чистота“ е чистење (метење и миење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови.

**Член 4**

„Собирање на смет“ е одстранување на создадениот смет од јавните површини и отворените простори на јавните објекти и сместување во садови за смет.

**Член 5**

Јавни површини се: улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови. парк-шуми, улични тревници, видиковци, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комунална инфраструктура,јавни телефонски говорници, Зоолошки градини, градски гробишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти (стадиони,стрелишта) и отворени простори околу други јавни објекти.

**Член 6**

Работите за одржување на јавната чистота од член 1 на оваа Одлука ќе ги врши јавно претпријатие за комунални услуги основано од Општината.

Одржувањето на јавната чистота на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост го врши Општината преку јавното претпријатие за комунални услуги, а на објектите во приватна сопственост и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување го врши сопственикот на објектот.

2.-

## 2. Одржување на јавна чистота на јавни површини

**Член 7**

Одржувањето на јавната чистота давателот на услугата го врши со редовно метење и миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и со собирање и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Метењето и миењето на јавните и сообраќајните површини се врши согласно Годишната програма која ја изготвува Општината согласно со член 12 став 1 од Законот за јавна чистота.

По исклучок, во случај на прекумерно загадување на јавните површини поради временски непогоди, поголеми реконструкции и сл., надлежниот општински орган може да определи чистење надвор од динамиката утврдена во Годишната програма за јавна чистота.

**Член 8**

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

- во централно градско подрачје, утврдено со ГУП, со метење секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот, шеталиштето и паркиралиштата од 22 до 06 часот во периодот од Мај до Септември во текот на годината (летен период) и од 06 до 12 часот во периодот од Октомври до Април во текот на годината (зимски период).

**Член 9**

Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини ќе се врши рачно со метли и машинско.

**Член 10**

Одржување на јавната чистота со миење ќе се врши секој ден во летниот период од 22 до 07 часот .

Во периодот од 15 Ноември до 31 март (зимски период, миење на јавните и сообраќајните површини може да се врши доколку температурата е повисока од 4 степени целзиусови)

**Член 11**

Јавната чистота на јавните површини - парковите, уличните тревници ќе се одржува со косење на тревата, садење на цвеќе и полевање во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба, како и со собирање на сметот од истите.

**Член 12**

На јавните површини се забранува оставање на садовите за комунален, цврст и технолошки отпад од домаќинства и од деловни простории, освен во деновите и во времето кога истите трба да ги празни јавното претпријатие за комунални услуги основано од Општината.

**Член 13**

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

3.-

**3. Собирање на сметот од јавните површини, отворените простори на јавните објекти и од садовите за отпадоци**

**Член 14**

Согласно член 12 став 2 и 3 од Законот за јавна чистота Општина Битола

обезбедува  соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини  и на отворените простори пред јавните објекти.

Бројот на садовите и начинот на нивно поставување  на јавните површини го пропишува јавното претпријатие за комунални услуги основано од Општината согласно со програмата.

**Член 15**

Собирањето на сметот од јавните површини, отворените простори на јавните објекти и од садовите за отпад  на подрачјето на Општината Битола се врши организирано и континуирано.

**Член 16**

Сметот од чистење на јавните површини (метењето и миењето) давателот на услугата ќе го собира во садови за смет и изнесува во определена депонија за депонирање на комунален отпад.

Отпадот од садовите за отпадоци поставени на јавните површини ќе ги празни давателот на услугата и отпадот ќе го транспортира во определена депонија за депонирање на комунален отпад.

**Член 17**

Празнењето на садовите од јавните површини ќе се врши секој ден во централното градско подрачје, а од останатите делови на градот еднаш неделно.

**4.Чистење на снег од јавни површини**

**Член 18**

Во зимски услови при  снежни врнежи Давателот на услугата е должен  да го исчисти снегот од јавните површи  најкасно во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и континуирано до престанокот на врнежите.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

**Член 19**

Одстранетиот снег ќе се собира на места каде нема да ја загрозува проодноста на јавната површина.

**5. Користење на јавните површини**

**Член 20**

Јавните површини  од членот 5  на оваа Одлука ќе се користат за намената за која се изградени и уредени (движење, рекреација и др.).



По исклучок, јавните површини и отворените простори на јавните  објекти може да се користат и за други намени само со **Дозвола** издадена од надлежен орган на општинта согласно со закон (за вршење на деловна дејност пред деловни објекти, за истакнување на реклами, поставување на комунална инсталација, сообраќајни знаци, градежен материјал и др.)

При користење на јавните површини за намени од став 1 на овој член се забранува истите да се оштетуваат или уништуваат.

При користење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти за намените од став 2 на овој член корисникот е должен јавната површина да ја доведе во првобитна состојба.

**Член 21**

За привремено зафаќање на јавните сообраќајни површини за потребите на градилиште, за истовар, сместување и утовар на градежен материјал, подигање на скелиња за поправка на згради и слични градежни работи, повремено можат да се користат јавни површини, доколку не постојат други услови за вршење на овие работи, по добиено Одобрение од Одделението за комунални работи, а по претходно мислење на надлежниот орган кој ги одржува тие површини.

Одобрението од став 1 на овој член содржи: условите и начинот на истовар и сместување на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето за истовар и сместување на материјалот, надоместокот за користење на јавната површина, Освен кога тие работи се вршат за потребите на Општина Битола, како и времетраењето на Одобрението.

При извршување на горенаведените работи, пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите и улиците. Јавните површини кои што се зафаќаат мора да се оградат со прописна ограда која трба да се означи и осветли. Материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

**Член 22**

Изведувачот на градежните работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина ако работите траат повеќе од 24 часа.

Мешањето на бетон и друг материјал мора да се врши во соодветни садови.

Ако градењето од било кои причини биде запрено на подолго време изведувачот на работите е должен да го одстрани скелето и другиот градежен материјал од јавните површини.

**Член 23**

Изведувачот на градежните работи најдоцна 24 часа од завршувањето на работата е должен да го одстрани целиот градежен материјал и опрема, а јавната површина да ја доведе во состојба во која била пред започнување на градежните работи.

**Член 24**

Во текот на извршување на работите, изведувачот е должен:

- да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид градежен и друг материјал, кал и слично, кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршење на неговата дејност;

5.-

- при рушење на градежни работи изведувачот на работите е должен материјалот што го руши да го полева со вода, заради спречување на ширење на прашина;
- сливниците за атмосферска вода во близина на местото каде што се вршат

градежните работи редовно да се чисти;

- градежниот материјал да го депонира во градилиштето на начин што нема да го спречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и ќе го спречи растурањето на материјалот по јавните површини;

**Член 25**

Растовар на дрва, јаглен и сл., сечење и цепење на дрва се врши во дворните места.

По исклучок, доколку не постојат услови во дворните места, дел од јавната површина може да се користи за истовар на дрва, јаглен и сл., како и сечење и цепење на дрва, без притоа да се спречи одвивањето на сообраќајот и движењето на пешаците.

Дрвата, јагленот и сл. материјали мора да се одстранат во рок од 24 часа, а употребената јавна површина да се исчисти и доведе во првобитна состојба.

**Член 26**

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски и други) на митинзи, прослави и други собири, кои имаат Дозвола за користење на јавна површина, должни се по завршувањето на манифестацијата односно собирот да го соберат сметот и да го остават на определено места за таа намена во рок од 4(четири) часа по завршување на манифестацијата или собирот.

При посета на излетнички места посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го соберат сметот и да го остават на определеното место за таа намена.

**6. Одстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота**

**Член 27**

Под отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота се подразбира отстранување на предметите за кои е утврдена забрана со Законот за јавна чистота за оставање на јавна површина (градежен шут, земја, песок, отпадоци од растенија, стари предмети од домаќинствата и смет од вршење на дејности, картонска и друга амбалажа) освен за оние за кои е издадена Дозвола од надлежен орган на Општина Битола за оставање на истите на јавна површина.

Предметите од претходниот став на овој член сопствениците односно корисниците се должни да ги однесуваат на места определени во градската депонија, односно во определените депонии во населените места.

Ако предметите од претходниот член сопствениците односно корисниците не ги отстранат во определениот рок, ќе ги одстрани јавното комунално претпријатие, на трошок на сопствениците односно корисниците.

**6.-**

**Член 28**

Сопствениците односно корисниците на возилата се должни да ги паркираат на растојание не помало од 10 метри од контејнерите и други видови на садови за собирање на смет.

Сопствениците односно корисниците на товарните возила се должни да ги паркираат во сопствените дворни места.

**Член 29**

Предметите, маси, столови, апарати за ладење, шанкови, жардињери, чадори, тенди, поставени за вршење на деловна дејност на јавна површина, сопствениците односно корисниците се должни да ги отстранат веднаш по истекот на рокот определен во Дозволата за нивно поставување на јавна површина, во спротивно истите ќе ги одстани јавното комунално претпријатие на трошок на сопственикот, односно корисникот.

## 7. Поставување на садови и корпи за собирање на смет

**Член 30**

За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се постават садови за фрлање на отпадоци (во натамошниот текст садовите).

**Член 31**

На јавните површини во центарот на градот садовите ќе се постават на оддалеченост од максимум 100 метри.

На јавните површини во другите делови на градот садовите ќе се постават на оддалеченост од максимум 500 метри.

Во населените места садови ќе се постават на влезната улица и во центарот на населбата.

**Член 32**

Во садовите поставени на јавните површини, отпадоци ќе фрлаат само граѓаните кои се движат по јавните површини или ги користат за релаксација.

**Член 33**

Се забранува во садовите поставени на јавните површини да се фрла комунален цврст и технолошки отпад од домаќинствата и деловните објекти.

**Член 34**

Садовите наменети за одржување на јавната чистота на јавните површини ќе ги набави и постави јавното претпријатие за комунални услуги основано од Општината.



## 8. Надзор и мерки за спроведување на Одлуката

**Член 35**

Инспекциски надзор над примената на оваа Одлука врши општинскиот комунален инспектор согласно Законот за Јавна чистота („Службен весник на РМ“

бр.111/08)

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука вршат комуналните редари.

**9. Прекршочни одредби**

**Член 36**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени со Законот за јавна чистота.

**10. Преодни завршни одредби**

**Член 37**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат глава 1 и 2 од Одлуката за начинот и постапката за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад на подрачјето од Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 4/99).

**Член 38**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр.07-385/10 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.02.2009 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на

Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП „Горно Оризари Блок 4" Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП „Горно Оризари Блок 4" Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-473/9
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 24/08) и член 70 од Статутот на Општина

Битола (“Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт – Планот на ДУП**
**„Горно Оризари Блок 4“ Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на ДУП „Горно Оризари Блок 4“ Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-385/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.02.2009 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа

(„Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички план
вон населено место за стопански
комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“
КО Братин Дол Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“ КО Братин Дол Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/10
02.03.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на

Општина Битола на седницата одржана на 25.02.2009 година, донесе

# ОДЛУКА
## за донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“ КО Братин Дол Општина Битола

Член 1

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“ КО Братин Дол Општина Битола.

Член 2

Границите на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“ КО Братин Дол Општина Битола се поклопуваат со КП бр. 409/1, КП бр. 410 и дел од КП бр. 970 и дел од КП бр.967.

Опфатот на вака предложениот План има површина од 0,70 ха.

Член 3

Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“ КО Братин Дол Општина Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник“ КО Братин Дол Општина Битола се заверува со потпис и печат на доносителот на Планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр.07-385/12
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за донесување на ДУП
„Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1„ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП „Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.02.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-473/11<br>
02.03.2009 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на

Општина Битола на седницата одржана на  25.02.2009 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донесување на ДУП „Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1 Битола**

Член 1

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за донесување на ДУП „Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1“ Битола.

Член 2

Границите на ДУП „Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1“ Битола се: на североисток се граничи со дел од новопроектираната улица од исток, југ и запад Блокот се граничи со новопроектирани улици.

Опфатот на Блокот има површина од 2,5  ха.

Член 3

ДУП за „Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1“ Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

ДУП „Урбанистичка Единица Поранешно Стрелиште Блок 1“ Битола се заверува со потпис и печат на доносителот на Планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр.07-385/13
25.02.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска